СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бул. Маркс и Енгелс бр. 3, 1000 Скопје
Тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401 е-пошта: sovet@srd.org.mk сајт: www.srd.org.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА
Бр 03-1987/2
07. 05. 2013 година
Скопје

До: Министерство за информатичко
општество и администрација
За: м-р Иво Ивановски, Министер

Предмет: Доставување дополнителни Предлози за дополнување на Нацрт-Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги

Почитуван Министре,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме дополнителни Предлози за дополнување на Нацрт-Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги, што Советот за радиодифузија ги усвои на второто продолжение на 19-тата седница, што се одржа на 24 април 2013 година.

Срдечен поздрав,

Совет за радиодифузија на РМ
Претседател,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Совет за радиодифузија СКОПЈЕ

## ПРЕДЛОЗИ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАЦРТ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

1. **Во членот 4 "Слобода на изразување и слобода на медиумите"** треба да се додаде нова точка 6 која гласи:

   **„Сите елементи на програмата, по форма и содржина, мора да го почитуваат достоинството на човековото битие и основните права на другите. Пред се не смеат да се неморални и да содржат порнографски елементи.**

   **Радиодифузерите се должни да обезбедат факти во вестите и настаните да бидат презентирани на веродостоен начин и да поттикнуваат слободно формирање на мислење."**

   **Ставот 3 од овој член треба да се избрише.**

2. **Во членот 14 „ Заштита на изворот на информации" во став 2** зборот „дисеминација" треба да се замени со зборот **"ширење"**.

3. **Алинејата 2 од членот 38 "Совет"** која гласи:

   „Членовите на Советот ако донесат одлука од своја надлежност за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на Агенцијата, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука. Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на органите на управување."

   **треба да биде последна алинеја од членот 44 „Надлежности на Советот".**

4. **Во членот 54 „Издавач на електронски публикации",** во ставот 3 алинеја 7 која гласи "име, презиме на одговорниот уредник;" треба да се додадат зборовите:

   **„заменик на одговорниот уредник, уредници на рубрики, коментатор уредник и лектор"**

5. **Во членот 115 „ Обезбедување на програмски пакет"** по ставот 4 треба да се додаде нов став 5 кој ќе гласи:

   **„Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа под рамноправни услови почитувајќи ги принципите на објективност, транспарентност и недискриминација, да им понуди договори за реемитување на комерцијалните радиодифузери.".**

Совет за радиодифузија на РМ